

Зборник на трудови од XII Меѓународен симпозиум за византиски и средновековни студии

# ДЕНОВИ НА ЈУСТИНИЈАН I

Скопје, 1-3 Ноември. 2024

Уредник
**Митко Б. Панов**

## Византија: Комонвелт, мека моќ - празни зборови?

## Byzantium: Comonwealth, Soft Power - Hot Air?

Proceedings of the XII International Symposium of Byzantine and Medieval Studies

# DAYS OF JUSTINIAN I

Skopje, 1-3 November. 2024

Edited by
**Mitko B. Panov**

Скопје / Skopje, 2025

Институт за национална историја - Скопје

# ВИЗАНТИЈА: КОМОНВЕЛТ, МЕКА МОЌ, ПРАЗНИ ЗБОРОВИ?

**Зборник на трудови од 12. меѓународен симпозиум за византиски и средновековни студии „Денови на Јустинијан I“, Скопје, 1-3.11.2024 г.**

Уредник

Митко Б. Панов

Скопје, 2025

Издавач:
Институт за национална историја - Скопје

Уредник:
Митко Б. Панов

Лектор:
Ирена Серафимоска

Техничка обработка:
Виктор Кочомановски

Печати:
Винсент Графика ДОО, Скопје

Тираж:
150

Финансиски поддржано од:

Република Северна Македонија
Министерство за образование и наука

CIP - Каталогизација во публикација
Национална и универзитетска библиотека "Св. Климент Охридски", Скопје

94(495.02)(062)
930.85(495.02)(062)

МЕЃУНАРОДЕН симпозиум за византиски и средновековни студии "Денови на Јустинијан I" (12 ; 2024 ; Скопје)

Византија: Комонвелт, мека моќ, празни зборови? : зборник на трудови од 12-тиот Меѓународен симпозиум за византиски и средновековни студии "Денови на Јустинијан I", Скопје, 1-3.11.2024 г. / [уредник Митко Б. Панов]. - Скопје : Институт за национална историја, 2025. - XII, 306 стр. : илустр. ; 24 см

Текст на мак. и англ. јазик. - На наспор. насл. стр.: Byzantium: Commonwealth, soft power, hot air? : proceedings of the 12th International symposium on Byzantine and medieval studies "Days of Justinian I", Skopje, 1-3 November, 2024 / edited by Mitko B. Panov. - Фусноти кон текстот

ISBN 978-608-4981-30-5

а) Византиска империја -- Историја -- Собири б) Византиска империја -- Културна историја -- Собири

COBISS.MK-ID 67238149

Institute of National History - Skopje

# BYZANTIUM: COMMONWEALTH, SOFT POWER, HOT AIR?

## Proceedings of the 12th International Symposium on Byzantine and Medieval Studies "Days of Justinian I", Skopje, 1-3 November, 2024

Edited by
Mitko B. Panov

Skopje, 2025

**Уредник**
Митко Б. Панов

**Меѓународен научен комитет**

Флорин Курта, Универзитет во Флорида
Митко Б. Панов, Институт за национална историја - Скопје
Џузепе Маино, Универзитет во Болоња
Донатела Бијаџи Маино, Универзитет во Болоња
Ѓоко Ѓорѓевски, Православен богословски факултет „Св. Климент Охридски"
Хрвоје Грачанин, Универзитет во Загреб
Ендрју Роуч, Универзитет во Глазгов
Влада Станковиќ, Универзитет во Белград
Лукаш Ружицки, Адам Мицкиевич Универзитет во Познањ
Елизабета Димитрова, Универзитет Св.„Кирил и Методиј"- Скопје
Георги Н. Николов, Универзитет во Софија
Каролин С. Снајвли, Гетисбург колеџ
Витомир Митевски, Македонска академија за науки и уметности, Скопје
Гордана Силјановска, Универзитет „Св. Кирил и Методиј" - Скопје
Виктор Лилчиќ, Универзитет „Св. Кирил и Методиј" - Скопје
Иванка Василевска, Универзитет „Св. Кирил и Методиј" - Скопје
Александар Спасеновски, Универзитет „Св. Кирил и Методиј" - Скопје

**Edited by**
Mitko B. Panov

**International Scientific Committee**

Florin Curta, University of Florida
Mitko B. Panov, Institute of National History, Skopje
Giuseppe Maino, University of Bologna
Donatella Biagi Maino, University of Bologna
Gjoko Gjorgjevski, Faculty of Orthodox Theology "St. Clement of Ohrid", Skopje
Hrvoje Gračanin, University of Zagreb
Andrew Roach, Glasgow University
Vlada Stanković, University of Belgrade
Łukasz Różycki, Adam Mickiewicz University in Poznań
Elizabeta Dimitrova, University Ss. Cyril and Methodius, Skopje
Georgi N. Nikolov, Sofia University
Carolyn S. Snively, Gettysburg College
Vitomir Mitevski, Macedonian Academy of Science and Arts, Skopje
Gordana Siljanovska, University Ss. Cyril and Methodius, Skopje
Viktor Lilčić, University Ss. Cyril and Methodius, Skopje
Ivanka Vasilevska, University Ss. Cyril and Methodius, Skopje
Aleksandar Spasenovski, University Ss. Cyril and Methodius, Skopje

# Содржина / Contents

Предговор / Foreword IX
МИТКО Б. ПАНОВ

1. What's the point of the Byzantine Commonwealth? 1
JONATHAN SHEPARD

2. An exploration of the Roman-Byzantine Commonwealth: Law-political dynamics and historical implications of the Byzantine constitution 37
ANASTASIOS NIKOPOULOS

3. (Re)framing the Samuel's State in the concept of the Byzantine Commonwealth 52
MITKO B. PANOV

4. A Fragmented Commonwealth: the "Multipolar" Balkans after the Fourth Crusade, 1204-1261 71
FRANCESCO DALL'AGLIO

5. The narrative of Constantine the Great in 10th Century Byzantine Diplomacy 91
DRAGAN GJALEVSKI

6. Alexius Slav between Regional Autonomy and Imperial Aspirations: Reassessing the Sources 101
FILIP MARKOVSKI

7. The Golden Age of Kyivan Rus' as an example of the Byzantine Commonwealth: a reassessment of manuscript production 105
SUSANA TORRES PRIETO

8. The Ideology of Andrey Bogolyubsky: Appealing to Byzantium and Trying to Create a "Rus' Commonwealth"? 201
DAGMAR VYSLOUZILOVA, EVGENY PODVALNOV

9. Mercantilism From the Byzantine Commonwealth to the Commonwealth of Independent States 301
ALEX FELDMAN

10. Church Fathers' View of Byzantium 301
VEDRAN OBUĆINA

11. Христологијата на Василиј Селевкиски: синтеза на антиохиската, александриската и кападокиската традиција 301
ВИКТОР НЕДЕСКИ

12. Еволуција на христијанската доктрина во Византија 301
АНЕТА ЈОВКОВСКА

13. Mundus senescit: поглед на Константинополскиот и Халкедонскиот собор (381 и 451 година) 301
ИВАНКА ВАСИЛЕВСКА, СТЕФАН АНДОНОВСКИ

14. Моштите на Св. Климент Охридски и неговиот манастир на Плаошник 301
НИКОЛЧЕ ЃУРЃИНОСКИ

15. Byzantine's (IN)Visible Power on Romanesque Sacred Landscape in Sicily: Architectural Forms and Ornamental Contents 301
HEE SOOK LEE-NIINIOJA

16. Late Medieval Acumen of Justinian I and His Works in Western Europe 301
SABINA MADGEARU

17. Observations on the architecture and fresco paintings of the narthex of the Church of the Presentation of the Virgin in the village of Kučevište 301
VLADIMIR TANEVSKI

18. Warrior angels and saints: Two new 19th century Bulgarian icons of Ivan Hadji Vasilev from Gabrovo 301
MIGUEL GALLES

19. Relations between Byzantines and their enemies in the Greek Comics and Graphic Novels about Digenes Akritas 301
CHRISTOS CHARAKOPOULOS, IOANNIS KIORIDIS, PENELOPE STRATI, TASOULA TSILIMENI

20. Extreme Oriental Influences in the Byzantine Commonwealth:
Through Iconography 301
GIULIA GHILARDI

21. Брала Византијка капини: Видови Rubus fruticosus L. во
Геопониката на Касијан Басус 301
МАЌЕЈ ХЕЛБИГ

# 12

# Еволуција на христијанската доктрина во Византија

АНЕТА ЈОВКОВСКА, Православен богословски факултет „Св. Климент Охридски“- Скопје

UDK 27-284(495.02)"652/653"
UDK 27-662(495.02)
UDK 27-31-36(495.02)

**Abstract:** The evolution of Christian doctrine during Byzantium represents a dynamic and multifaceted process of theological, philosophical, and cultural synthesis. As Christianity gradually established itself within the structures of the Byzantine Empire, the most eminent Church Fathers engaged with the intellectual legacy of Greco-Roman antiquity, appropriating and transforming its conceptual tools to articulate the foundations of Christian thought. This synthesis is particularly evident in the works of the Cappadocian Fathers—St. Basil the Great, St. Gregory of Nyssa, and St. Gregory of Nazianzus—who skilfully integrated elements of Neoplatonism and classical rhetoric with Christian dogma, laying the groundwork for Trinitarian and Christological theology. In parallel, the sermons of St. John Chrysostom illustrate a pastoral theology rooted in scriptural exegesis and moral clarity, accessible to the broader Christian community. Throughout this period, Christian doctrine was a vehicle for shaping a new worldview. As Byzantine society transitioned from the classical to the medieval world, Christian theology responded to changing social, political, and spiritual realities. This evolution also had profound implications for Christian pedagogy, as doctrinal development informed methods of spiritual instruction, catechesis, and the formation of moral and ascetical life. Patristic writings, biblical cosmology, hymnography, monastic literature, and hagiography became the dominant forms of cultural expression, gradually supplanting classical literature and embedding Christian doctrine into the very fabric of Byzantine identity.

Периодот на Византиската Империја претставува еден од најзначајните периоди во историјата на христијанската мисла, обединувајќи го духовниот и интелектуалниот развој на Црквата во текот на повеќе од илјада години. Почнувајќи од прифаќањето на христијанството како државна религија и назначувањето на Константинопол за престолнина, започнува нова ера на религиозен и културен напредок. Во оваа историска рамка, христијанството доживеало значајна теолошка еволуција која ќе го обликува целокупниот православен теолошки корпус. Во византискиот период се поставени темелите на доктриналните основи на Црквата, што ќе имаат далекусежни импликации за развојот на христијанската мисла и во идните векови.

Во рамките на ова истражување, ќе се разгледуваат делата на светите отци од византискиот период, кои ја обогатиле теолошката мисла и поставиле етички и педагошки темели што ќе влијаат на развојот на христијанската педагогија. Тоа придонело за теолошка синтеза, но и за практичната примена на верата во животот на Црквата и општеството, нудејќи примери како христијанската вера треба да биде воедначена со етичките норми и образовниот процес.

Целта на ова истражување е да се истакнат важните моменти во еволуцијата на христијанската мисла во византискиот период и да се анализира како тие влијаеле на формирањето на христијанската педагогија, која ја поставува верата во контекст на личен и социјален развој, со акцент на практична примена во секојдневниот живот.

Еден од значајните елементи во оваа еволуција биле различните христијански школи, како што се Александриската и Антиохиската, кои развиле уникатни теолошки методи и пристапи кон интерпретацијата на Светото Писмо. Овие школи, преку своите теолошки дебати, ги поставиле основите за натамошниот развој на христијанската доктрина, посебно во областите на Троичната теологија, христологијата и социјалната теологија.

Александриската школа, како еден од највлијателните центри на христијанската теологија и философија во раното христијанство, имала значајна улога во оформувањето на теолошката мисла и библиската егзегеза. Оваа школа била под силно влијание на старогрчката философија, особено на платонизмот. Ваквото влијание ја поттикнало да развие алегориски метод на толкување, преку кој библиските текстови биле разгледувани не само во нивната буквална смисла, туку и како носители на подлабоки духовни вистини.

Еден од најистакнатите мислители и теолози на Александриската школа е Климент Александриски, чие дело е значајно за еволуцијата на христијанската доктрина и во византиската теологија, градејќи мост меѓу грчката философска мисла и христијанското учење. Иако неговото делување е пред Византискиот период, идеите и делата на Климент Александриски

оставиле длабок печат на развојот на христијанската мисла во Византија. Се одликувал со способност да ја интегрира платоновата философија со христијанската теологија.[1] Оваа синтеза на философски и теолошки идеи ја поставила основата за подоцнежниот развој на византиската теологија, особено во алегориското толкување на Светото Писмо и во формулирањето на христолошките и сотериолошките доктрини. Придонесот на Климент Александриски може најмногу да се увиди во развојот на концептот Логос, поврзувајќи го со Христос како божествена мудрост. Во овој контекст Климент објаснува: „Логосот е посредник помеѓу Бога и човештвото, олицетворувајќи ја и божествената мудрост и средството за спасение."[2] Овој концепт подготвува пат за подоцнежните дискусии за Христовата природа и улога во спасението. Климент Александриски посветил посебно внимание на побивањето на гностичките учења. На нив им бил противпоставен источно-христијанскиот „гнозис".

Ако Александриската катихетска школа била фокусирана на платонските и неоплатонските традиции и врз основа на нив конструирала алегориски метод на толкување на Библијата, и воопшто на законите и правилата на егзегезата, тогаш уште една древна теолошка школа - Антиохиската, исто така го вклучила искуството на старогрчката философија во нејзините методолошки алатки и била под влијание на аристотелизмот. Рационалната јасност на силогизмите, формалната логика и строгоста на дијалектичките формули ќе ги наследи антиохиската теологија, во која, за разлика од александриската филологија и алегоризам, тука ќе се развие историско-литерален егзегетски метод на проучување на Библијата.

За теолозите на Антиохиската школа, Светото Писмо било запис на историски настани кои треба да се разберат во контекстот на времето и местото во кои настанале. Ова значело дека наративите, заповедите и симболите на Писмото се значајни како такви и треба да се толкуваат во нивната буквална и конкретна смисла пред да се бара алегориска димензија. Тоа го направило нивниот метод реалистичен и директен, фокусирајќи се на практичните и етичките поуки кои произлегуваат од библиските текстови. Антиохиските теолози верувале дека алегориският пристап може да води кон субјективни интерпретации кои не го почитуваат текстот, и дека буквалното разбирање ја зачувува автентичноста на библиските пораки.

Така, фокусираното внимание на eidos од Платоновата философија, како општ концепт ги довело Александријците до контемплативна доктрина за неразбирливото и мистериозно единство на Света Троица. Спротивно на тоа, Антиохијците, следејќи ја аристотеловата логика, се фокусирале на разбирање на специфичното, а не на општото и ја развиле теологијата на

---

[1] Според: John Dillon. *The Ancient Greeks: A Critical History* (Belknap Press of Harvard University Press, 1983), 327.

[2] Dillon, 328.

ипостасното (личносно) разбирање на Света Троица. Исто така, Антиохијците биле понесени од анализата на човечката и божествената природа на Господ Исус Христос, а не од проучувањето на нивниот антиномски однос. Претставниците на антиохиската школа се обиделе да ја нагласат и важноста на христијанските вредности и моралните идеали во животот на човекот. Затоа, нивната теологија ја вклучувала потребата од подвижнички живот на секој христијанин, без разлика на неговиот статус и положба во Црквата.

Меѓу најзначајните претставници на Антиохиската школа се истакнува Свети Јован Златоуст (с. 349 – 407), еден од највлијателните отци на Црквата од византискиот период, кој е познат по своите исклучителни реторички способности, библиска егзегеза и силен социјален ангажман. Неговото богословие се карактеризира со пастирска ориентација, насочена кон практична примена на евангелските начела во секојдневниот живот на верниците. За разлика од алегорискиот пристап на Александриската школа, Златоуст применува буквална и морална егзегеза на Светото Писмо, при што акцентот го става на етичката димензија на христијанската вера.[3]

Во своите хомилии и беседи, Свети Јован Златоуст успева да ги објасни сложените теолошки прашања на начин што е разбирлив и инспиративен за народот. Неговите дела, особено коментарите на Посланијата на апостол Павле и Евангелијата, сведочат за длабока теолошка проникливост и хуманизам, кои го поставуваат во центарот на развојот на византиската христијанска мисла.[4] Поради тоа, тој често бил нарекуван „учител на покајанието“ и „совест на Црквата“.

Свети Јован Златоуст развива силна етика на социјалната правда, повикувајќи на заштита на сиромашните, осуда на богатството стекнато преку угнетување, и повик до богатите да ја делат својата сопственост. Во своите беседи на Делата на светите апостоли и на Првото послание до Коринтјаните, тој остро ги критикува социјалните нееднаквости, а неговото учење придонесува кон оформувањето на византиската социјална теологија.[5]

Во областа на Троичната теологија, Свети Јован Златоуст го поддржува Никејското учење, и во своите дела доследно ја потврдува едносушноста (ὁμοούσιος) на Синот со Отецот, како и божественоста на Светиот Дух. Тој настојува да го прикаже единството на Троичниот Бог преку конкретни примери од Светото Писмо, со цел да ја зацврсти верата на своите слушатели.[6] Со ова, Златоуст се вклучува во богословската борба против аријанството и другите троични ереси.

---

[3] J.N.D. Kelly, *Golden Mouth: The Story of John Chrysostom – Ascetic, Preacher, Bishop*, (London: Duckworth, 1995), 103.

[4] Robert L. Wilken, *John Chrysostom and the Jews: Rhetoric and Reality in the Late 4th Century*, (Eugene, OR: Wipf and Stock, 1983), 57–60.

[5] Mayer Wendy & Allen Pauline, *John Chrysostom*, (London: Routledge, 2000), 121.

[6] John A. McGuckin, *The Orthodox Church: An Introduction to its History, Doctrine, and Spiritual Culture*, (Oxford: Wiley-Blackwell, 2008), 157–158.

Една од најзначајните оставнини на Свети Јован Златоуст е неговата улога во литургискиот развој на Византиската црква. Литургијата на Свети Јован Златоуст го нагласува заедничкото учество на сите верници, доживувајќи ја Евхаристијата како израз на единството на Црквата. Со тоа, неговиот придонес станува темел на византиската литургиска свест и практика.[7]

Преку својата бескомпромисна етика, јасна библиска теологија и литургиска реформа, Свети Јован Златоуст го претставува спојот меѓу догматската строгост и пастирската чувствителност. Тој остава длабоки траги во еволуцијата на христијанската мисла во Византија, особено во начинот на кој се разбира и живее верата во секојдневниот живот.

Кападокиските отци на Црквата: Свети Василиј Велики, Свети Григориј Богослов и Свети Григориј Ниски, имале пресудна улога во развојот на христијанската доктрина за Света Троица. Нивното дело се истакнува во период кога Црквата се соочувала со теолошки предизвици, особено со аријанската ерес која ја негирала божественоста на Синот. Кападокиските отци понудиле длабоки и софистицирани размисли кои придонеле кон формулацијата на догмата за Троичниот Бог како едносуштен и триипостасен.

Свети Василиј Велики (329–379) има особено значајно место во оформувањето на христијанското учење за Света Троица. Дејствувајќи во време на длабоки теолошки превирања, кога аријанската ерес се обидувала да ја негира божествената природа на Синот и на Светиот Дух, свети Василиј дава значаен придонес во формулирањето на православното троично богословие. Неговото богословие е длабоко вкоренето во литургиското и монашкото искуство, но и интелектуално оформено преку античката философија, особено платонизмот и стоицизмот.[8]

Во своето познато дело „За Светиот Дух“ („Περὶ τοῦ Ἁγίου Πνεύματος“), Свети Василиј систематски го развива учењето за Светиот Дух како третата ипостас на Троичниот Бог, потврдувајќи ја Неговата рамнобожественост и совечност со Отецот и Синот.[9] Во одбрана на православната вера, тој тврди дека Светиот Дух не е создаден, туку „сорамен и совечен со Отецот“, учествувајќи во делото на создавањето, осветувањето и спасението.[10] Свети Василиј ја користи формулата διὰ τοῦ Υἱοῦ ἐν τῷ Ἁγίῳ Πνεύματι („преку Синот, во Светиот Дух“) за да го изрази троичниот начин на божественото дејствување и заедничкото делување на Света Троица, со што поставува основа за понатамошната

---

7 Robert F. Taft, *The Liturgy of the Hours in East and West*, (Collegeville, MN: Liturgical Press, 1986), 145.

8 John Behr, *The Nicene Faith: Formation of Christian Theology*, Vol. 2 (Crestwood, NY: St Vladimir's Seminary Press, 2004), 245–250.

9 Терминот едносуштен (ὁμοούσιος) за Светиот Дух ќе биде формално прифатен на Вториот Вселенски собор (381), врз основа и на богословските темели поставени од свети Василиј.

10 Basil the Great, *On the Holy Spirit*, trans. Stephen Hildebrand (Yonkers, NY: St Vladimir's Seminary Press, 2011), Ch. 16, 70–72.

теолошка прецизност во односот меѓу οὐσία (суштина) и ὑπόστασις (ипостас).[11]

Покрај тоа, Свети Василиј развива и јасно разграничување меѓу заедничката суштина на Трите Лица и нивната лична посебност, со што помага да се разгради конфузијата меѓу модализам и аријанизам. Тој истакнува дека секое Лице е совршено и целосно Бог, но не се три божества, туку еден Бог во три ипостаси.[12] Неговата мисла придонесува до прецизирање на терминологијата што подоцна ќе биде прифатена на Вториот Вселенски собор (Константинопол, 381), каде божественоста на Светиот Дух станува официјално догматизирана.

Пристапот на Свети Василиј Велики кон богословието не е само рационален, туку и духовно-практичен. Тој го поврзува богословието со животот на Црквата, подвлекувајќи дека вистинското познание на Бога е можно само преку очистување на душата, учество во литургискиот живот и практикување на љубовта. Неговата визија за теологијата како lex orandi – израз на верата преку молитвата и обожувањето – останува темелен принцип на православната мисла.

Свети Григориј Богослов (с. 329 – 389) е еден од највлијателните христијански отци и теолози од византискиот период, чие учење има долгорочно влијание врз развојот на православната догматика. Неговата богословска мисла е проникната со философска длабочина, реторичка прецизност и духовна чувствителност, што го вбројува меѓу најпочитуваните гласови во историјата на Црквата. Неговото дело е од суштинско значење во дефинирањето на троичната и христолошката доктрина на Црквата, а неговиот теолошки пристап е воедно и мистичен и литургиски.

Во своите дела, Свети Григориј пишува за единството на Отецот, Синот и Светиот Дух, нагласувајќи дека сите Три Лица се различни по ипостас, но истовремено и еднакви по суштина. Како што тој изразува: „Трите Лица ја делат истата суштина и божественост, пребивајќи во совршена хармонија“.[13] Овој пристап е особено важен во контекстот на борбата против аријанската ерес, која ја негираше божественоста на Синот. Свети Григориј, преку своите познати „Пет теолошки беседи“, ја афирмира целосната божественост на Синот и на Светиот Дух, развивајќи терминолошка и духовна основа што подоцна ќе стане темел на православното троично богословие, иако на Вториот Вселенски собор (381) е прифатена пред сè Василиевата теологија.

Во овие беседи, тој ја развива концепцијата на Бога како троичен во лицата, но едносуштен по природа, користејќи ја јазичната прецизност на

---

[11] Basil the Great, On the Holy Spirit, Ch. 18–19, 74–78.

[12] Jaroslav Pelikan, *The Christian Tradition: A History of the Development of Doctrine*, Vol. 1: The Emergence of the Catholic Tradition (100–600) (Chicago: University of Chicago Press, 1971), 213–218.

[13] Gregory of Nazianzus, *Orationes theologicae, Or. 31.14*, прев. Frederick Williams and Lionel Wickham, Theological Orations (Crestwood, NY: St Vladimir's Seminary Press, 2002), 128.

поимите ουσία (суштина) и υπόστασις (ипостас) за да објасни како тројството на лицата не ја нарушува единственоста на Божјата природа.[14] Ваквиот пристап не е само философски, туку е длабоко духовен – според Григориј, богословието е можност само за оние кои го „очистиле умот преку живот во добродетел".[15] Тој тврди дека познанието на Бога не доаѓа само преку разумот, туку и преку созерцание, молитва и осветеност на срцето.

Свети Григориј има важна улога и во развојот на христологијата, особено во објаснувањето на односот помеѓу Синот и Отецот, како и во формулирањето на Христовата двојна природа – божествена и човечка. Тој го поддржува учењето дека Христос е „совршен Бог и совршен Човек", без мешање или разделување на природите.[16] Неговото учење влијае врз понатамошните христолошки определби на Халкидонскиот собор, а неговото разбирање на оваа тајна оди во насока на спасението: она што е примено од Христос е и спасено.

Познат е и по својата длабока духовна и мистична димензија. Во неговите песни и поетски богословски текстови, Свети Григориј говори за внатрешната борба, за потребата од очистување на срцето, за тишината како место на Божјото присуство и за богословието како „наука на оние што се молат". Тој пишува: „Не секому му е дадено да богословствува – тоа е дело на оние кои се вдлабочени во Бога, кои го очистиле својот ум и кои го избрале патот на молитвата."[17] Во неговата духовност, догмата и молитвата не се раздвоени, туку длабоко поврзани: вистината за Троичниот Бог се познава преку учење и преку живот во заедница со Него.

Благодарение на неговиот уникатен стил, длабочина и духовна чувствителност, Црквата му ја доделува титулата „Богослов", која во православието е доделена само на тројца теолози: Свети Јован Богослов, Свети Григориј Богослов и Свети Симеон Нов Богослов. Тој останува сведоштво дека вистинскиот теолог е предаден на молитвата, духовниот подвиг и љубовта кон вистината.

Третиот од кападокијските отци е Свети Григориј Ниски (с. 335 – с. 395), брат на Свети Василиј Велики и духовен соработник на Свети Григориј Богослов. Тој е творец на длабоко влијателна теолошка мисла во историјата на христијанството. Неговото дело претставува важна фаза во еволуцијата на христијанската мисла, особено во развојот на троичната теологија, христолошката онтологија и христијанската антропологија. Познат е по својата способност да ја поврзе мистичната димензија на верата со философскиот дијалог, втемелен во платонизмот, но преобразен преку откровението на Троичниот Бог.

---

[14] John A. McGuckin, *St. Gregory of Nazianzus: An Intellectual Biography* (Crestwood, NY: St Vladimir's Seminary Press, 2001), 213–216.

[15] Gregory of Nazianzus, *Oration 27.3*: „It is not for everyone to philosophize about God..."

[16] Brian E. Daley, *Gregory of Nazianzus* (New York: Routledge, 2006), 145.

[17] Daley, Gregory of Nazianzus Or. 27.1.

Во троичната теологија, Свети Григориј Ниски се надоврзува на учењето на својот брат Свети Василиј Велики и на Свети Григориј Богослов, застапувајќи го поимот μία οὐσία, τρεῖς ὑποστάσεις – една суштина и три ипостаси. Тој нагласува дека иако Трите Лица се различни по начинот на постоење (Отецот како нероден, Синот како роден, а Светиот Дух како исходен), неразделиви се по суштина и енергија.[18] Во неговото дело „До Аблавиј: Дека не треба да кажуваме дека има три Бога" (Ad Ablabium: Quod non sint tres dii), тој развива концепт на божествена едносушност кој оди понатаму од рационалната аргументација и допира до мистичната интуиција за Бога како заедница на љубов и живот.[19]

Она по што Свети Григориј Ниски особено се издвојува е неговата длабока антрополошка визија. Во делото „За создавањето на човекот" („De hominis opificio"), тој го прикажува човекот како икона на Бога, создаден не само по лик, туку и со потенцијал за бесконечно напредување кон Божјата совршеност. Тој ја воведува идејата за epektasis – вечниот напредок на човекот кон Бога, без конечно достигнување, бидејќи Божјата полнота е бескрајна.[20] Овој концепт радикално ја надминува статичната визија за спасението и го поставува духовниот живот како динамичен процес на преобразба и усовршување.

Според Свети Григориј, спасението е егзистенцијален процес – обожение преку учество во Божјите енергии, што го започнува уште во овој живот преку вера, аскеза и љубов. Човекот, според него, е повикан не само да се врати во првобитната чистота, туку и постојано да се усовршува, преминувајќи од слава во слава (сп. 2 Кор 3,18). Во оваа смисла, Свети Григориј го гледа духовниот живот како бесконечно патување на љубовта, која никогаш не престанува.[21]

Во своите мистички текстови, особено во „Животот на Мојсеј", Свети Григориј Ниски создава алегориски модел на духовен раст, прикажувајќи го Мојсеј како образец на оној кој оди од едно ниво на божествено познание кон друго, уште подлабоко, сè додека човекот не се изгуби во таинството на Бога.[22] Ваквото поимање го прави еден од првите православни мислители кои

---

[18] Gregory of Nyssa, „Ad Ablabium: That We Should Not Think of Saying There are Three Gods", во: Philip Schaff and Henry Wace (eds.), *Nicene and Post-Nicene Fathers, Second Series, Vol. V* (Peabody: Hendrickson, 1994), 331–336.

[19] John Zizioulas, *Being as Communion: Studies in Personhood and the Church* (Crestwood, NY: St Vladimir's Seminary Press, 1985), 41–47.

[20] Gregory of Nyssa, „On the Soul and the Resurrection", во: *Schaff and Wace, NPNF, Vol. V*, стр. 439–468; Jean Daniélou, Platonisme et théologie mystique: Essai sur la doctrine spirituelle de saint Grégoire de Nysse (Paris: Aubier, 1944), 219–225.

[21] Gregory of Nyssa, *De vita Moysis*, прев. Abraham Malherbe and Everett Ferguson, The Life of Moses (New York: Paulist Press, 1978), 114–118.

[22] Hans Urs von Balthasar, *Presence and Thought: An Essay on the Religious Philosophy of Gregory of Nyssa* (San Francisco: Ignatius Press, 1988), 145–152.

експлицитно ја формулираат мистичната теологија како темелна димензија на христијанската вера.

Теологијата на Свети Григориј Ниски, иако философски длабока, никогаш не се оддалечува од духовниот подвиг. За него, вистината не е апстрактна идеја, туку животна реалност која се открива преку љубовта, смирението и личното преобразување. Тој остава трајно влијание во развојот на византиската духовност, а неговата антропологија ќе стане основа за доцниот исихазам и за православното учење за обожението.

Во VI век, еден од значајните христијански теолози кои придонеле за еволуција на христијанската мисла е Леонтиј Византиски. Тој имал посредничка улога во преминот од патристичката мисла кон систематската византиска теологија. Неговите трудови се одликуваат со примена на философски и логички категории за објаснување на христолошките прашања. Леонтиј бил силен поддржувач на Халкидонската христологија. Го вовел концептот на enhypostasia, кој се однесува на постоењето на Христовата човечка природа во божествената ипостас. Неговото главно теолошко дело е „Три книги против Несторијанците и Евтихијанците“ („*Libri III contra Nestorianos et Eutychianos*“), каде што ги побива учењата на несторијанството (кое тврди дека во Христос има две личности – божествена и човечка) и евтихијанството или радикалниот **монофизитизам** (кое тврди дека Христос има само една, божествена природа по воплотувањето).[23] Преку дијалектичката метода, Леонтиј го подготвува патот за подоцнежната синтетичка теологија на Свети Јован Дамаскин.

Свети Јован Дамаскин (c. 675–749), пак, претставува почитуван теолог во доцната фаза на еволуцијата на христијанската мисла во Византија, особено во систематизацијата на догматското богословие. Неговото најпознато дело „Извор на знаењето“ („Fount of Knowledge“), особено третата книга „Точно изложување на православната вера“ („Exact Exposition of the Orthodox Faith“), е прв обид за целосна и рационално уредена догматска теологија во христијанската богословска мисла. Тој ги синтетизира учењата на светите отци и философската мисла на Аристотел, градејќи мост помеѓу теологијата и логичката анализа. Со ова, Дамаскин воспоставил методолошки модел кој ќе биде применуван и во подоцнежната византиска и средновековна схоластичка теологија.[24]

Еден од најзначајните византиски теолози на VII век е преподобен Максим Исповедник (580–662), кој се истакнува како бранител на православното учење против ересите на неговото време, особено монотелитството и монофизитството. Неговата христологија, обликувана во контекст на

---

[23] F. L. Cross and E. A. Livingstone (eds.), *The Oxford Dictionary of the Christian Church*, 3rd edn. (Oxford, 2005), s.v. 'Leontius of Byzantium'.

[24] Според J. Meyendorff, *Byzantine Theology: Historical Trends and Doctrinal Themes* (New York: Fordham University Press, 1974), 34–38.

Во богословието на Свети Максим Исповедник, кое е длабоко вкоренето во духовното искуство на пустинските отци, а истовремено оформено преку аналитичката моќ на класичната грчка философија, се препознава теолошка рамка врз која се надоврзува и ја продолжува Свети Симеон Нов Богослов (949–1022), кој се смета за еден од најзначајните византиски мистици и теолози. Неговата мисла ја наследува духовната линија на личното преобразување како пат кон богоопштењето, но ја развива понатаму преку радикалното инсистирање на искуственото присуство на Бога во животот на секој верник, не како апстрактен догматски факт, туку како живо духовно искуство.[29]

Свети Симеон го нагласува личното искусување на Бога преку Светиот Дух, сметајќи дека спознавањето на Божјата вистина не може да се ограничи само на надворешните, институционални изрази на верата, туку се реализира преку постојана молитва, искрено покајание и аскетска борба. Според него, вистинското знаење за Бога произлегува од внатрешното просветлување и од чистотата на срцето, кое е способно да Го прими Бога како светлина, љубов и живот.[30] Во таа смисла, Свети Симеон ја продолжува мисијата на преподобен Максим во нагласувањето дека љубовта кон Бога не е интелектуален акт, туку животна реалност што ја преобразува личноста.[31]

Во неговото богословие е содржана и една од најдлабоките теолошки провокации на тој период: тезата дека секој верник, дури и оној што не е дел од клерикалната хиерархија, може да го доживее Божјото присуство непосредно. Таа позиција, истакната со сила и жар, го довела Свети Симеон Нов Богослов во конфликт со тогашната црковна власт, особено со официјалниот став за авторитетот на свештенството во пренесувањето на благодатта. И покрај тоа, неговото учење придонело за продлабочување на мистичната традиција во православието и подготвило простор за развојот на исихазмот во XIII и XIV век.[32]

Неговите „Химни на Божествената Љубов" претставуваат врв на византиската мистичка литература. Во нив, Свети Симеон Нов Богослов ја искажува духовната жед и копнеж по Бога, како и личното сведоштво за преобразувачката сила на Божествената светлина. Во една од химните, тој вели: „Ја видов Светлината и станав светлина; Го видов Бога и станав бог."[33] Таквиот израз на духовна идентификација со Бога преку љубовта и светлината е тесно поврзан со учењето на преподобен Максим Исповедник

29 Louis Bouyer, *The Spirituality of the New Testament and the Fathers* (Harper San Francisco, 1982), 346.

30 Basil Krivocheine, *In the Light of Christ: Saint Symeon the New Theologian (949–1022)* (Crestwood, NY: St. Vladimir's Seminary Press, 1986), 158–160.

31 Dumitru Stăniloae, *The Experience of God, Vol. 2: The World – Creation and Deification* (Brookline, MA: Holy Cross Orthodox Press, 2000), 135–137.

32 H. E. W. Turner, *The Pattern of Christian Truth* (London: Mowbray, 1954), стр. 278–280.

33 Saint Symeon the New Theologian, *Hymns of Divine Love*, trans. George A. Maloney (New York: Paulist Press, 1980), Hymn 1, 72.

за обожението (θέωσις) како крајна цел на човечкото постоење.[34]

Во мислата на Свети Симеон Нов Богослов се среќава силна есхатолошка димензија – верникот не е повикан само на морална исправност, туку на преобразување овде и сега, во сегашниот живот. Тоа го прави неговото учење актуелно и живо, не само за монасите туку и за секој човек што копнее по вистинска заедница со Бога. На тој начин, Свети Симеон Нов Богослов ја продолжува линијата на преподобен Максим Исповедник, но отвора и нова етапа во еволуцијата на христијанската мисла, насочена кон духовна слобода, лична одговорност и директно искуство со Бога.[35]

Оттука, можеме да заклучиме дека еволуцијата на христијанската мисла во византискиот период е сложена патека. Во тој период биле обликувани основните принципи на христијанството, развивајќи длабоки теолошки идеи и концепти. Еволуцијата на христијанската мисла, разгледана преку делата на најзначајните византиски и предвизантиски теолози, сведочи за догматскиот развој на христијанската теологија, што придонело да се постават темелите на христијанската педагогија како духовно-воспитна и образовна практика. Преку синтезата на философските традиции и откровението како вистина, овие отци не само што ја продлабочиле теологијата на Црквата, туку развиле и модел на воспитување кој го опфаќа целиот човек – умот, срцето и волјата.

Климент Александриски, интегрирајќи ја платоновата философија со христијанската теологија, поставува основа за образованието како духовно воздигнување преку „вистинскиот гнозис", при што знаењето не е самодоволна цел, туку средство за преобразување и уподобување на човекот на Божјиот Логос. Овој образовен модел, втемелен врз алегориската егзегеза и духовното водство, наоѓа свој развој и кулминација во византиската мистагогија, особено во делата на Свети Григориј Богослов и Свети Григориј Ниски, кои преку созерцание и теологија ја нагласуваат нужноста од внатрешна преобразба.

Од друга страна, Антиохиската школа, со својата рационална строгост и историско-буквален метод на толкување, го отвора просторот за педагогијата која ја поттикнува свеста за одговорноста на верникот во конкретниот свет. Преку делото на Свети Јован Златоуст, јасно се гледа дека учењето не е одвоено од животот, туку мора да се пројави во конкретни етички постапки, солидарност, милосрдие и лична преобразба. Неговото пастирско богословие претставува основа за педагогијата која го охрабрува секој христијанин да се стреми кон света животна практика, без оглед на неговиот општествен статус.

Делата на преподобен Максим Исповедник и Свети Симеон Нов Богослов дополнително го нагласуваат значењето на слободната волја, љубовта

[34] John Chryssavgis, *Fire and Light: The Theology of Saint Symeon the New Theologian* (London: SPCK, 2004), 94–96.

[35] Krivocheine, *In the Light of Christ*, 199–204.

и личниот однос со Бога, елементи кои се суштински за христијанската педагогија. *Тие потврдуваат дека вистинското учење и воспитување не* се ограничуваат на пренос на знаење, туку бараат служење, послушание, духовно водство и евхаристиска заедница. Преку личното сведоштво и подвижништвото, тие го утврдуваат образецот на учителот кој поучува, пред сѐ, преку својот живот.

Во оваа смисла, еволуцијата на христијанската мисла во Византија не може да се разбере одвоено од педагошката димензија на теологијата. Теолозите не биле само мислители и догматичари, туку и духовни воспитувачи, кои преку своите дела и примери го граделе обликот на христијанската свест. Нивното наследство ја претставува суштината на православната педагогија – повик кон обожение преку љубов, познание и подвиг. Теолошките достигнувања направени за време на византискиот период продолжуваат да резонираат во современата христијанско-педагошка пракса, служејќи како витална врска со основите на верата.

Заклучно, еволуцијата на христијанската мисла во овој период го поставува христијанското воспитување како процес кој не е само интелектуален, туку и духовен. Педагогијата во христијанскиот контекст е многу повеќе од пренос на теолошки концепти; тоа е процес на лична преобразба, која вклучува и теоретско учење и практично живеење на верата. Педагозите, инспирирани од светителите кои живееле во византискиот период, имаат задача да го пренесуваат знаењето и да ги насочуваат учениците кон духовен развој и исполнување на етички идеали.

Оваа интеграција на теологијата и педагогијата поставува важен образовен модел кој ја нагласува потребата за дисциплиниран духовен живот, заснован на љубовта, милосрдието и светото учење. Во современиот контекст, оваа педагошка традиција е особено значајна за воспитување на младите христијани, кои не само што треба да го разберат учењето, туку и да го живеат, обликувајќи ја својата личност и светоглед преку практичната примена на верата во секојдневниот живот.